Н А Ц Р Т

З А П И С Н И К
од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 17 февруари 2026 година

Скопје, февруари 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 17 февруари 2026 година

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Димовски, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување и Катерина Михајловска, директор на Службен весник на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*
*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јануари 2026 година

1. Информација во врска со санација на кров/тераса во објектот каде е сместено Министерството за образование и наука

2. Предлог-одлука за користење на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година (АД МИА)

3. Информација за потребата од одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година за набавка на противпожарна опрема (1.000 метли и 1.000 напртњачи)

4. Информација за Годишен план за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА за 2026 година, со Предлог-одлука

5. Информација за постапување согласно член 11 од Законот за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1238/1)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1246/1)

8. Инвестициона програма, Програма за работа и развој и Финансиски план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2026 година, со дополнување и Предлог-одлука

9. Програма за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог-одлука

10. Програма за работа за 2026 година и Финансиски план за 2026 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, со дополнување и Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и седумнаесетта одлука)

12. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и дваесетта одлука)

13. Одлуки за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. и Одлука за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено – поправна установа Казнено – поправен дом Идризово, со предлог-одлуки

14. Предлог-одлука за продажба на конфискуван имот (недвижност со Имотен лист бр.100225, КП бр.4999, за КО Бутел)

15. Предлог-одлука за продажба на конфискуван имот (КП бр.3617, КО Чаир)

16. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје

17. Одлука за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ресен, со Предлог-одлука

18. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, со Предлог-одлука

19. Предлог-програма за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2026 година

20. Информација во врска со Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година, со прилози

21. Информација за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (03-1141/1), со Предлог-одлука

22. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (03-1194/1)

23. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.199/25)

24. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.161/25)

25. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1089/1)

26. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1096/1)

27. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, со Предлог-одлука

28. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2026 година, со Предлог-одлука

29. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за 2026 година, со Предлог-одлука

30. Барање за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници за 2026 година, со Предлог-одлука

31. Информација за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

32. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.30/7, КП бр.30/8, КП бр.30/9, КП бр.30/10 и КП бр.30/16, КО Теново, Општина Брвеница)

33. Известување за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 29 јануари 2026 година до 4 февруари 2026 година

34. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 29 јануари 2026 година до 4 февруари 2026 година

35. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка

36. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка

37. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија", с.Никиштани, Општина Ѓорче Петров, со Предлог-решение

38. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Бела Вода", Општина Берово 3/2025 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.224/25), со Извештај и Предлог-одлука

39. Информација во врска со Барањето за продолжување на концесијата за експлоатација на техногена минерална суровина - мермер на локалитетот „Вепрчани-1", с.Вепрчани, Општина Прилеп на Друштвото за производство, трговија и услуги Балкан марбле индустриес ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со Предлог-одлука

40. Предлог-одлука за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – подземна вода за пиење/флаширање на локалитетот ,,Горен тек на Рожденска Река" с.Мајдан, Општина Прилеп од Друштвото за производство, трговија и услуги Бистрица ДООЕЛ Штип на Друштвото за производство, трговија и услуги Кожувчанка ДОО увоз-извоз Кавадарци

41. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Филипчо Јаневски, ул.„Народна младина" бр.32, Кавадарци, со Предлог-одлука

42. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ќамил Шаќиров, ул.„Черења" бр.131, Штип, со Предлог-одлука

43. Информација за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Дејан Митров, ул.„Коле Василев“ бр.14, Кавадарци, со Предлог-одлука

44. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година

45. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2026 година

46. Предлог-одлука за одбивање на Барањето за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат-клуб

47. Информација за изработка на Посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана за 2026 година на Република Северна Македонија, со текст на Посебна програма

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи

49. Предлог-решение за формирање работна група за подготовка на Стратегијата за транспарентност (2027-2029)

50. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2026 година

51. Предлог-уредба за определување на поблиските услови, како и начинот на доделување на национално спортско признание за врвно спортско остварување и висината на паричниот надоместок

52. Информација за потребата од склучување договор за дополнителен грант кон Договорот за грант од 11 јули 2025 година (,,Оригиналниот договор за грант”) за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија и склучување на Амандман бр.2: Посебен договор поврзан со Договорот за заем и Договорот за грант од 19.12.2019 година, за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија- фаза 2, со усогласен текст на Договор

53. Предлог-програма за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2026 година

54. Предлог-програма за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2026 година

55. Предлог-програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2026 година

56. Предлог-програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2026 година

57. Предлог-програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година

58. Предлог-програма за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2026 година

59. Предлог-програма „Здравје за сите" за 2026 година

60. Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2026 година

61. Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2026 година, со Предлог-одлука

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово

63. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.1.2025 до 30.6.2025 година

64. Статут на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (I фаза)

65. Финансиски план за 2026 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и Одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2026 година

66. Иницијативи од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.170/2025 и У.бр.171/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 58 став 11 во делот „деловна тајна“ и член 95 став 1 точки 4 и 5 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25)

67. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.187/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 76 став 2 во делот „езера“ и член 192 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25)

68. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.184/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 став 11 во делот „може да се изменува и дополнува", член 40 став 12 и член 42 став 7 во делот „склучениот договор за користење на дивечот во ловиштата останува во сила" од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23, 170/24 и 132/25)

69. Понуда од нотар Татјана Миовска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3493, за КО Владимирово, на КП бр.15107, викано место/улица „Село“, Имотен лист бр.3537, за КО Владимирово, на КП бр.15105, викано место/улица „Село“ и Имотен лист бр.2720, за КО Владимирово, на КП бр.4564, викано место/улица „Грамадје“

70. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.904, за КО Визбегово, на КП бр.98/3, КП бр.99, КП бр.100 и КП бр.101/3, викано место/улица „Камени мост“

71. Понуда од нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.104, за КО Раборци, на КП бр.183/1, викано место/улица „Тополите“

72. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Министерството за социјална политика, демографија и млади (за периодот јули 2025 година - декември 2025 година)

73. Информација за преземени активности и анализа на правната празнина меѓу националното законодавство и релевантните регулативи на Европската Унија, кои произлегуваат од Иницијативата на Европската Унија за укинување на роаминг трошоците со земјите од Европската Унија, со прилози

74. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со рехабилитацијата за потребите на пациенти повредени од пожарот во дискотеката „Пулс”- Кочани

75. Информација за  резултатите од изготвената Техничка студија за интеграција на пловечки фотоволтаични постројки во Националната мрежа за наводнување на Северна Македонија

76. Кадровски прашања

77. Прашања и предлози

78. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Кралството Саудиска Арабија и Владата на Република Северна Македонија, со Нацрт-текст на Спогодба и Меморандум

79. Информација за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на 150 еколошки автобуси за јавен превоз и 75 станици за полнење

80. Информација за водена постапка и предлог за разгледување на можноста за конфискација на имотот од страна на државата заради остварување на јавен интерес

81. Информација за измена на динамика и вредност на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај“

82. Информација за организација на Регионална конференција на министерско ниво со наслов „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност согласно потребите на луѓето” во соработка со Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА)

83. Информација за потребата за трансфер на средства од редовната сметка на Министерството за европски прашања кон донаторската сметка на проектот: Поддршка на управувањето со ЕУСАИР за подобрена соработка (ЕУСАИР механизам за поддршка)

84. Информација за одржан Деветнаесетти и подготовка на Дваесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 5 март 2026 година, со прилози

85. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец“, Општина Прилеп, на Акционерското друштво Мермерен комбинат АД Прилеп

86. Информација за изготвување нови национални акциски планови 2026-2028 за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во приоритетни области: образование, култура, здравство, домување, граѓанска регистрација, вработување и социјална инклузија, антициганизам, жените и девојчињата Ромки и млади Роми

87. Информација за средбите на висока владина делегација со највисокото раководство на УНЕСКО, со фокус на состојбата со заштитата на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, од 9.2.2026 година до 10.2.2026 година, Париз, Франција

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јануари 2026.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со санација на кров/тераса во објектот каде е сместено Министерството за образование и наука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да изработи проекти за санација на крововите на зградата на НИП Нова Македонија и на зградата на ЈРП Македонска радио-телевизија.

2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да изработи проект за уредување на пристапниот простор за институциите сместени во зградата на НИП Нова Македонија (архива за институциите сместени во зградата, влез-излез со електронски картички итн.).

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, да го зголеми бројот на нивни припадници како обезбедување во зградата на НИП Нова Македонија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за користење на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година (АД МИА).

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година за набавка на противпожарна опрема (1.000 метли и 1.000 напртњачи) и притоа ги усвои следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, потребните средства за набавка на противпожарна опрема (1.000 метли и 1.000 напртњачи) во износ од 29.500.000 денари, да ги обезбеди по пат на пренамена на средства во рамки на буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, при подготовката на следниот ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија, соодветно за претходната пренамена, да предвиди дополнителни средства во износ од 29.500.000 денари во буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 4**

Владата ја разгледа  Информацијата за Годишен план за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА за 2026 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот план за работа на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво – ИНОВА за 2026 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување согласно член 11 од Законот за иновациска дејност, научно- технолошки развој и претприемништво, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, со заклучок во член 1 од истата да се додаде „Давид Костовски, советник за надворешна трговија, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија  - член“.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1238/1).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1246/1).

**Точка 8**

Владата ги разгледа Инвестиционата програма, Програмата за работа и развој и Финансискиот план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2026 година, со дополнување и Предлог-одлука и заклучи вишокот на финансиските средства, остварени од работењето на Јавното претпријатие, предвидени за набавка на деловен простор, опфатени во

Инвестиционата програма за 2026 година да се вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Владата заклучи предлагачот за некоја од наредните седници на Владата, да достави нова инвестициона програма за 2026 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие по мислење од Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење и Предлог-одлука за давање согласност на истата.

**Точка 9**

Владата на предлог на Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд ја одложи од разгледување Програмата за работа и Финансиски план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2026 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за економија и труд.

**Точка 10**

Владата повторно ги разгледа Програмата за работа за 2026 година и Финансискиот план за 2026 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, со дополнување и Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2026 година.

2. Ја разгледа Програмата за работа за 2026 година на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, во насока да не се планираат нови вработувања на неопределено време, имајќи предвид дека не се планираат испразнувања на работни места по било кој основ за 2026 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и седумнаесетта одлука).

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и дваесетта одлука).

**Точка 13**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ПМВ „БМВ“).

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ПМВ „ивеко“).

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ПМВ „мерцедес бенз Е320“).

4. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ПМВ „БМВ 120i“).

5. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ПМВ „опел зафира“).

6. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ПМВ „ауди А4“).

7. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ПМВ „крајслер пацифика“).

8. Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено-поправна установа Казнено-поправен дом Идризово (ПМВ „мерцедес бенз спринтер“).

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за продажба на конфискуван имот (недвижност со Имотен лист бр.100225, КП бр.4999, за КО Бутел), за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата да се достави нова проценка на недвижниот имот, односно да се дополни вештачењето, на начин што ќе се изврши и процена на вредност на земјиштето под зграда и согласно тоа да се усогласи и текстот на Предлог-одлуката и Образложението на истата.

Предлагачот да ја извести Владата, кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на конфискуван имот (КП бр.3617, КО Чаир).

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ресен, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ресен.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (два рендген апарати за контрола на пристап).

**Точка 19**

Владата повторно ја разгледа Предлог-програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2026 година и ја донесе Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2026 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Финансискиот план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, за период од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (03-1141/1), со Предлог–одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија.

2. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 30 дена, да ги утврди работите на премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија на објект, кој се наоѓа на КП бр.14621 место викано 11 Октомври, број на зграда 1 намена на зграда преземена при конверзија на податоци од стариот електронски систем 538, влез 1, кат 03, број 1 во површина од 592 $м^2$, дел од КП бр.14621 број на зграда 2, намена на зграда преземена при конверзија на податоци од стариот електронски систем 511, влез 1, кат ПР, број 1 со површина од 15 $м^2$, како и број на зграда 3 намена на зграда преземена при конверзија на податоци од стариот електронски систем 511, влез 1 кат ПР број 1 со површина од 6 $м^2$.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (03-1194/1).

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.199/25).

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.161/25).

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1089/1).

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП бр.03-1096/1).

**Точка 27**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2026 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2026 година.

**Точка 29**

Владата на предлог на Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, го одложи разгледувањето на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје за 2026 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 30**

Владата го разгледа Барањето за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници за 2026 година, со Предлог-одлука, го прифати Барањето и согласно укажувањата изнесени во расправата на седницата ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници за 2026 година.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, не ја усвои Информацијата и не ја донесе Одлуката за отуѓување  градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.30/7, КП бр.30/8, КП бр.30/9, КП бр.30/10 и КП бр.30/16, КО Теново, Општина Брвеница).

**Точка 33**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 29 јануари 2026 година до 4 февруари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 34**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 29 јануари 2026 година до 4 февруари 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, по скратена постапка (усогласен со Секретаријатот за законодавство), го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Точка 36**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија", с.Никиштани, Општина Ѓорче Петров, со Предлог – решение и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија", с.Никиштани, Општина Ѓорче Петров.

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Бела Вода и Чаршија", с.Никиштани, Општина Ѓорче Петров.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Бела Вода", Општина Берово 3/2025 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.224/25), со Извештај и Предлог-одлука и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на локалитетот „Бела Вода", Општина Берово 3/2025 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.224/25).

2. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2025, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.224/25.

3. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – минерална вода на Друштвото за трговија, производство и услуги Дрилинг инженеринг ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Бела Вода", Општина Берово.

**Точка 39**

Владата на барање на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Барањето за продолжување на концесијата за експлоатација на техногена минерална суровина - мермер на локалитетот „Вепрчани-1", с.Вепрчани, Општина Прилеп на Друштвото за

производство, трговија и услуги Балкан марбле индустриес ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со Предлог-одлука.

Предлагачот да ја извести Владата, кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – подземна вода за пиење/флаширање на локалитетот ,,Горен тек на Рожденска Река“ с.Мајдан, Општина Прилеп од Друштвото за производство, трговија и услуги Бистрица ДООЕЛ Штип на Друштвото за производство, трговија и услуги Кожувчанка ДОО увоз-извоз Кавадарци и условно ја донесе Одлуката за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – подземна вода за пиење/флаширање на локалитетот ,,Горен тек на Рожденска Река“ с.Мајдан, Општина Прилеп од Друштвото за производство, трговија и услуги Бистрица ДООЕЛ Штип на Друштвото за производство, трговија и услуги Кожувчанка ДОО увоз-извоз Кавадарци, доколку Министерството за финансии достави ново мислење, во врска со доспеаните даноци, придонеси и други јавни давачки на Друштвото.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Филипчо Јаневски, ул.„Народна младина“ бр.32, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ќамил Шаќиров, ул.„Черења“ бр.131, Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Дејан Митров, ул.„Коле Василев“ бр.14, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 44**

Владата повторно ја разгледа Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година и ја донесе Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2026 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-инвестиции во железничката инфраструктура, Ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт за 2026 година.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за одбивање на Барањето за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат-клуб и ја донесе Одлуката за одбивање на Барањето за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат-клуб на Друштвото за промет и услуги „Бет Ту Мар - Гејминг“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија во Подружница спортска обложувалница - Автомат клуб бр.22 „Бет Ту Мар – Гејминг“ на ул. „Маршал Тито“ бр.44 Злетово, Пробиштип.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на Посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана за 2026 година на Република Северна Македонија, со текст на Посебна програма и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои Посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, најдоцна до 31.12.2026 година, да ја извести Владата за постигнатиот напредок во однос на преземените мерки и активности согласно Посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи.

**Точка 49**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Предлог-решението за формирање работна група за подготовка на Стратегијата за транспарентност (2027-2029).

Предлагачот да ја извести Владата, кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред.

**Точка 50**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2026 година.

**Точка 51**

Владата ја донесе Уредбата за определување на поблиските услови, како и начинот на доделување на национално спортско признание за врвно спортско остварување и висината на паричниот надоместок.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување договор за дополнителен грант кон Договорот за грант од 11 јули 2025 година (,,Оригиналниот договор за грант”) за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија и склучување на Амандман бр.2: Посебен договор поврзан со Договорот за заем и Договорот за

грант од 19.12.2019 година, за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија- фаза 2, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договор за дополнителен грант кон Договорот за грант од 11 јули 2025 помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Министерството за образование и наука и КфВ- Франкфурт на Мајна во износ од 1.250.000 еур за проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија".

2. Се овластува м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, да го потпише Договорот за дополнителен грант кон Договорот за грант од 11 јули 2025 помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Министерството за образование и наука и КфВ- Франкфурт на Мајна во износ од 1.250.000 еур за проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија".

3. Се овластува проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, да го потпише Договорот за дополнителен грант кон Договорот за грант од 11 јули 2025 помеѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Министерството за образование и наука и КфВ- Франкфурт на Мајна во износ од 1.250.000 еур за проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија".

4. Се овластува проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, да го потпише Амандманот бр. 2 на Посебниот договор кон Договорот за заем и Договорот за грант од 19.12.2019 година помеѓу Министерството за образование и наука и Кредитната банка за обнова – КфВ, во врска со проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија".

**<u>Точка 53</u>**

Владата ја донесе Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка, потешка и најтешка телесна попреченост, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2026 година.

**<u>Точка 54</u>**

Владата ја донесе Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2026 година.

**<u>Точка 55</u>**

Владата ја донесе Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2026 година.

**<u>Точка 56</u>**

Владата ја донесе Програмата за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 57**

Владата ја донесе Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 58**

Владата ја донесе Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2026 година.

**Точка 59**

Владата ја донесе Програмата „Здравје за сите" за 2026 година.

**Точка 60**

Владата ја донесе Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, како и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници за 2026 година.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2026 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2026 година.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово и условно ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 63**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.1.2025 до 30.6.2025 година и притоа го утврди следното мислење:

Презентираните финансиски показатели во предметниот извештај не се во согласност со трезорската евиденција, поради што Извештајот треба соодветно да се коригира.

Надлежностите кои ги има Регулаторната комисија за домување се дефинирани во членот 109 став (1) од Законот за домување и истите се таксативно наведени/наброени во предметниот Извештај.

По разгледување на активностите кои се преземени од страна на оваа комисија наведени како „резултати“ во предметниот Извештај–станува збор за издадени, одземени, продолжени и истечени лиценци, односно само квантитативен податок/број кој повеќе пати се повторува во Извештајот, но без конзистентен резултат или заклучок.

Исто така, при „вршење на периодични проверки на управителите за исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата", освен колку се направени никаде нема било каква систематизација и спецификација за тоа што „откриле" тие проверки, кој е резултатот итн.

Видно од наводите во Извештајот, неоспорен е фактот дека Регулаторната комисија за домување воопшто нема преземени активности, ниту има дадено било какво образложение по однос на надлежноста да „се грижи за квалитетно задоволување на станбените потреби на населението, согласно со современите стандарди за квалитетен живот, заштита на животната средина и природата", освен дека учествува во некакви состаноци, од одредени тела, а кој е конкретниот придонес или резултатот од тоа нема податоци.

Исто така, „непрофитното домување" е едно од најбитните надлежности на Регулаторот за кое не може ништо да се најде во предметниот извештај, особено што во Република Северна Македонија има Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје кое исклучиво работи во делот на непрофитното домување, а Регулаторот никаде не спомнал какви активности преземал во врска со соработката или активност со ова акционерско друштво.

За надлежноста „посредување во разрешувањето на спорови што настануваат меѓу закупците, закуподавачите, управителите, претседателите на заедниците на сопственици, сопствениците на посебните делови и трети лица во областа на домувањето и предлага мерки во врска со истите", овие бројки треба да прикажат и податоци од кои ќе може да се види за какви случаи станува збор, а можеби со одреден пример да се посочи какви постапки се воделе за разрешување на спорови.

Ако се претпостави дека Извештај за работа на Регулаторната комисија за домување, кој се доставува најмалку два пати годишно, е можеби единствениот механизам за контрола на работењето на Регулаторната комисија за домување, сепак треба формата на овој извештај во иднина да ги даде потребните одговори на погоре поставените прашања, за што се препорачува корекција на Извештајот со реални, систематизирани и попрецизни податоци, а Извештајот не мора да биде обемен по квантитет и бројот на страници кои ќе ги содржи, туку со квалитетни, систематизирани и концизни податоци кој ќе се разликува од досегашниот стереотип.

## Точка 64

Владата го разгледа Статутот на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (I фаза) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 46 ставовите (1),(2),(5) и (6) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика е самостојно и единствено регулаторно тело кое го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности од овој закон, како и други дејности утврдени со закон. Регулаторната комисија за енергетика е независна во своето работење и одлучување и својата надлежност во регулирањето на енергетските дејности ја остварува во рамките утврдени со овој и други закони и прописите донесени врз основа на закон и во согласност со начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со примена на најдобрите меѓународни практики и искуства. Регулаторна комисија за енергетика донесува Статут со кој се уредуваат прашања поврзани со нејзиното внатрешно уредување, како и начинот на работа и одлучување, во согласност со овој и друг закон. Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на Статутот на Регулаторната комисија за енергетика. Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад донесе Статут заверен со архивски број

01-1924/1 од 16.10.2025 година. Со овој статут се уредува: статусот, називот, седиштето, печатот и симболот, надлежноста и составот, мандатот, именувањето и разрешувањето на членовите на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, застапувањето, раководењето и одлучувањето, внатрешната организација, етичкото однесување, судирот на интереси, финансирањето, отчетноста за работењето, деловната тајна, соработката со домашни и странски институции и тела, јавноста на работата, актите, постапката за измена и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за енергетика, и други прашања во надлежност на Регулаторната комисија за енергетика, согласно со Законот за енергетика, Законот за утврдување на цени на водните услуги и Законот за управување со отпадот.

Од формално правен аспект се укажува на следните забелешки на текстот на Статутот и тоа: - Во однос на надлежноста на Регулаторна комисија за енергетика која се однесува на повластените производители на електрична енергија се укажува дека согласно член 313 од Законот за енергетика на постапките за донесување на решенија за стекнување на привремен статус на повластен производител којшто користи повластена тарифа и на статус на повластен производител којшто користи повластена тарифа, како и решение за престанок на овие решенија, како и постапките за донесување на одлука за користење за повластена тарифа на електрична енергија како и одлуки за одземање или престанок на одлуката за користење повластена тарифа за електрична енергија, се применува Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24). Од тие причини, а имајќи предвид дека регистерот на повластени прозводители е веќе воспоставен се укажува дека во Статутот на Регулаторна комисија за енергетика, член 8 точка 3, наместо „воспоставува и води" треба да гласи „Воспоставува и/или води".

Во член 7 од Статутот во кој се изричито набројани надлежностите на Регулаторна комисија за енергетика утврдени со Законот недостасува точка 20.1 од член 55 став 2 од Законот за енергетика.

По однос на податоците содржани во текстот на Статутот, се укажува дека во текстот на статутот треба да се вгради законскиот основ за донесување на предметниот статут, односно член 46 став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), како и редакциско подобрување на текстот.

## Точка 65

Владата ги разгледа Финансискиот план за 2026 година на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија и Одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за 2026 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став (6) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/25 и 135/25), Собранието на Република Северна Македонија го усвојува предлог финансискиот план и со одлука го утврдува процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход:

- којшто не може да биде повисок од 0,1% за носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност и од странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и

- којшто не може да биде повисок од 0,1% за давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги, пресметан според податоци од Централниот регистар на Република Северна Македонија или утврден согласно со членот 5, остварен во годината којашто и претходи на годината во која се доставува предлог финансискиот план.

Се предлага надоместокот за 2026 година да изнесува 0,0433% од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и 0,0433% од годишниот приход на давателите на водни услуги остварен од давањето на водните услуги, што претставува зголемување во однос на одобрениот 0,036% за 2025 година.

Основа за пресметка на процентот на зафаќање е приходот остварен во годината којашто и претходи на годината во која се доставува предлог финансискиот план. Предлогот за утврдување на надоместокот од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија, споредено со 2025 година, претставува зголемување за 10,87% од вкупниот приход на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија.

Исто така, да се преоцени потребата во Предлог-одлуката да се пропише процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход и на давателите на услугите за управување со комунален отпад.

Согласно Закон, Собранието на Република Северна Македонија го усвојува предлог финансискиот план и со Одлука го утврдува процентот на зафаќање поодделно за носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности и странските друштва коишто вршат енергетска дејност во Република Северна Македонија и за давателите на водни услуги.

Во Финансискиот план вкупните расходи за 2026 година изнесуваат 193.950.467 денари, што претставува зголемување на вкупните расходи од 2025 година кои изнесуваа 174.941.542 денари, односно зголемување од 19.008.925 денари. Во предложениот план детално се утврдува намената на финансиските средства и тоа меѓу другото за обврските кои произлегуваат од редовното работење на Регулаторната комисија за енергетика како и за обврските кои произлегуваат од Законот за енергетика и учеството на Регулаторната комисија за енергетика во меѓународните организации и институции и останати обврски преземени на меѓународно ниво.

На расходната страна, во однос на 2025 година, има значително зголемување во делот на планираните средства за трошоци за репрезентација (41%), други материјални расходи, за семинари, соработки со други регулаторни тела (29%), трошоци за службени патувања (22%), надоместоци на трошоци на работници (61%) и зголемување во делот на плати и надоместоци на плата за постојните вработени и нови вработувања за околу (27%) и поради тоа треба да се пристапи кон рационализација и намалување на одредени непродуктивни расходи согласно начелото за рационално и економично работење.

## <u>Точка 66</u>

Владата ги разгледа иницијативите од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.170/2025 и У.бр.171/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 58 став 11 во делот „деловна тајна“ и член 95 став 1 точки 4 и 5 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 58 став 11 во делот „деловна тајна“ од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25), кој гласи:

„Член 58

Производителите и увозниците кои ставаат во промет електронски цигари и/или контејнерите за еднократно или повеќекратно полнење, поднесуваат барање за пуштање во промет до Министерството за здравство.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува во писмена форма најмалку три месеци пред планираното пуштање во промет на уредот.

Барањето од ставот 1 на овој член особено содржи:

1) име-назив и адреса на производителот и/или увозникот што овозможува негова идентификација;
2) листа на состојки кои се содржани во производот;
3) листа на состојки на емисиите, како резултат на неговата употреба, за секоја марка и за секој тип, вклучувајќи ги и нивните количини;
4) токсиколошки достапни податоци за состојките и емисиите на производот, вклучувајќи го нивното влијание врз здравјето на потрошувачите при вдишување и евентуалниот ефект на зависност при нивно загревање;
5) информации за дозите на никотин и апсорбирањето кога се консумира во нормални или разумно предвидливи услови, односно според информациите наведени во упатството за употреба и чување на уредот;
6) опис на уредот, опис на механизмот за отворање и за полнење на електронската цигара или на контејнерите за повеќекратно полнење;
7) за производителите на контејнерите за еднократно или повеќекратно полнење опис на производниот процес и изјава дека производствениот процес се обезбедува во согласност со барањата на овој член и
8) изјава дека производителот и увозникот кои ставаат во промет електронски цигари и/или контејнери за повеќекратно полнење, носат целосна одговорност за квалитетот и безбедноста на производот, кога се нуди на пазарот и се користи при нормални или разумно предвидливи услови, односно според информациите наведени во упатството за употреба и чување на уредот.

Во случај да доставените информации од ставот 3 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член се некомплетни, Министерството за здравство може да побара дополнување со релевантни информации.

Министерството за здравство од производителите и увозниците врши наплата на трошоците за прием, складирање, ракување и анализа по примерок од контејнер за еднократно или повеќекратно полнење на информациите од ставот 3 на овој член, чија висина ја утврдува министерот за здравство со решение.

Формата и содржината на барањето и потребната документација од ставот 3 на овој член ги пропишува министерот за здравство.

Министерството за здравство издава одобрение за ставање во промет на контејнерите за еднократно и повеќекратно полнење врз основа на барањето од ставот 1 на овој член.

Производителите и увозниците кои ставаат во промет електронски цигари и/или контејнерите за еднократно и повеќекратно полнење по добивањето на одобрението од ставот 7 на овој член

се должни да се запишат во интегрален регистар што го води надлежната организациона единица при Министерството за здравство.

За секоја суштинска измена на електронската цигара и/или на контејнерот за повеќекратно пополнување производителите и увозниците поднесуваат дополнително барање согласно со содржината од ставот 3 на овој член.

Министерството за здравство во електронска форма води регистар на правните лица и производите согласно со ставот 1 на овој член.

Производителите и увозниците од ставот 1 на овој член може да наведат кои информации од ставот 3 на овој член претставуваат деловна тајна.

Министерството за здравство ги објавува на својата веб-страница податоците за правните лица и производите, со исклучок на информациите што претставуваат деловна тајна."

Според подносителот на Иницијативата согласно член 58 став 11 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 27/20, 56/20 и 154/25), производителите и увозниците од ставот 1 на овој член може да наведат кои информации од ставот 3 на овој член претставуваат деловна тајна.

Исто така, подносителот на Иницијативата наведува дека со оспорениот дел од одредбата се прави меѓу другото и „дерегулација" во сферата листата на состојки кои се содржани во производот, листата на состојките на емисиите за секоја марка и секој тип, токсиколошки достапни податоци за состојките и емисиите на производот вклучувајќи го нивното влијание врз здравјето на потрошувачите при вдишување и евентуалниот ефект на зависност при нивно загревање, информациите за дозите на никотин и апсорбирањето кога се консумира во нормални или разумно предвидливи услови, односно според информациите наведени во упатството за употреба и чување на уредот (член 58 став 2 точки 2-5 од Законот).

И покрај тоа што подносителот на Иницијативата смета дека со акт на правно лице, може да се дозволи да се определува/пропишува што се подразбира под „деловна тајна", сепак таквата „дерегулација" може да доведе до тоа, да се изземе еден сегмент од општествениот живот, а кој сегмент директно или индиректно го засега здравјето на граѓаните и едноставно со акт да се определува што ќе претставува „деловна тајна" кое нешто по својот концепт е со и од поинаква природа и суштина.

Со оглед на претходното, според подносителот на Иницијативата секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки согласно закон и во еден поширок концепт тоа подразбира дека, доколку граѓаните и правните лица се обврзани на такво нешто, државата е таа што за вложените средства во буџетот преку даноците е должна да истапи и да даде заштита кога таква заштита е побарана а со тоа и да се грижи за здравјето на граѓаните. Воедно, со оспорените делови не се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, туку се воспоставува можност за арбитрарност и отсуството на механизми внатре во прописот како закон, кои би се користеле од страна на државата, а заради заштита на здравјето на граѓаните кое нешто е уставно загарантирано, го повредува членот 8 став 1 алинеи 3 и 7, член 39 и член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи предвид дека оспорениот дел од членот 58 се однесува на можноста производителите и увозниците да наведат кои информации кои се однесуваат на „листа на состојки на емисиите, како резултат на неговата употреба, за секоја марка и за секој тип, вклучувајќи ги и нивните количини листа на состојки на емисиите, како резултат на неговата употреба, за секоја марка и

за секој тип, вклучувајќи ги и нивните количини“ претставуваат деловна тајна и Министерството за здравство овие податоци не ги објавува на својата веб-страница, јасно е дека Министерството за здравство ги има податоците наведени како деловна тајна, ги цени при одлучувањето по барањето за пуштање во промет, а исто така заради заштита на здравјето на граѓаните може да врши проверка на видот и количината на состојките на електронските цигари, кои се законски предвидени.

На таков начин е заштитен јавниот интерес и здравјето на граѓаните, бидејќи Министерството за здравство и сите надлежни институции ги имаат потребните податоци и можноста за контрола на состојките на електронските цигари, но истовремено заштитен е и интересот на производителите и увозниците кои имаат интерес тие податоци да останат деловна тајна и да не бидат достапни на нивната конкуренција од комерцијални причини.

При изработката на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) вршено е усогласување со ЕУ Директива 2014/40/EU на Европскиот парламент и на Советот од 3 април 2014 година за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите членки во врска со производството, презентацијата и продажба на производи од тутун и сродни производи и за укинување на Директивата 2001/37/ЕС, каде што главата X. ЕЛЕКТРОНСКИ ЦИГАРИ (членови 58, 59, 60, 61, 62 и 63) е делумно усогласена со член 20 од оваа ЕУ Директива, додека рокот за потполна усогласеност е планирано да се оствари по денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Воедно, во дефинициите од ЕУ Директивата 2014/40 нема дефиниција за „деловна тајна“ поради што истата отсуствува во Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19).

Имајќи предвид дека оспорениот дел од членот 58 се однесува на можноста производителите и увозниците да наведат кои информации кои се однесуваат на „листа на состојки на емисиите, како резултат на неговата употреба, за секоја марка и за секој тип, вклучувајќи ги и нивните количини листа на состојки на емисиите, како резултат на неговата употреба, за секоја марка и за секој тип, вклучувајќи ги и нивните количини“ претставуваат деловна тајна и Министерството за здравство овие податоци не ги објавува на својата веб-страница, јасно е дека Министерството за здравство ги има податоците наведени како деловна тајна, ги цени при одлучувањето по барањето за пуштање во промет, а исто така заради заштита на здравјето на граѓаните може да врши проверка на видот и количината на состојките на електронските цигари, кои се законски предвидени.

На таков начин е заштитен јавниот интерес и здравјето на граѓаните, бидејќи Министерството за здравство и сите надлежни институции ги имаат потребните податоци и можноста за контрола на состојките на електронските цигари, но истовремено заштитен е и интересот на производителите и увозниците кои имаат интерес тие податоци да останат деловна тајна и да не бидат достапни на нивната конкуренција од комерцијални причини.

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста и на член 95 став 1 точки 4 и 5 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25), кој гласи:

„Член 95

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе забрани пуштање во промет несогорливи производи од тутун и уреди за нивно користење, ако:

1) производителите и увозниците на несогорливи производи од тутун не достават известување до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за сите несогорливи производи од тутун коишто имаат намера да ги стават во промет (член 53 став 1 од овој закон);
2) производителите и увозниците кои ставаат во промет несогорливи тутунски производи, а не се запишани во Регистарот на производители, Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи согласно со членовите 49, 50 и 51 од овој закон (член 53 став 6 од овој закон);
3) производителите и увозниците на електронските уреди за употреба на несогорливите производи од тутун заедно со известувањето од членот 53 од овој закон не достават сертификати (член 54 ставови 1 и 2 од овој закон);
4) електронскиот уред за користење на несогорлив тутун не се продава во заштитено пакување (член 54 став 4 од овој закон);
5) електронскиот уред наменет за користење на несогорливиот производ од тутун не содржи информации за безбедност за потрошувачите (член 54 став 5 од овој закон);
6) единечниот електронски уред наменет за користење на несогорливиот производ од тутун не ги содржи информациите во пакувањето (член 55 став 1 од овој закон);
7) електронскиот уред наменет за користење на несогорливиот производ од тутун има изглед на храна или козметички производ и сугерира дека одреден производ има подобрена биоразградливост или други еколошки предности (член 55 став 2 од овој закон);
8) несогорливиот производ од тутун што се пушта во промет (парчиња, стапчиња или капсули) не е во заштитено пакување (член 56 став 1 од овој закон);
9) на единечното пакувањето на несогорливиот производ од тутун и на секоја надворешна амбалажа, со исклучок на провидните опаковки и транспортните кутии, што се пуштаат во промет не се втиснати/отпечатени информациите од точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 (член 56 став 2 од овој закон) и
10) единечното пакување и кое било надворешно пакување на потрошниот дел од несогорливиот тутун на предната страна не го содржи здравственото предупредување (член 57 став 1 од овој закон).

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Државниот инспекторат за земјоделство до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.“.

Според подносителот на Иницијативата со членот 95 став 1 точка 4 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20, 56/20 и 154/25) „државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе забрани пуштање во промет несогорливи производи од тутун и уреди за нивно користење, ако: електронскиот уред за користење на несогорлив тутун не се продава во заштитено пакување (член 54 став 3 од овој закон)“, а „Според точката 5 од истиот член и Закон, електронскиот уред наменет за користење на несогорливиот производ од тутун не содржи информации за безбедност за потрошувачите (член 54 став 4 од овој закон).“.

Согласно претходното, подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби упатуваат на погрешни ставови од членот 54 од законот и со тоа „доведува во заблуда кое нешто не е во согласност со начелото на владеење на правото“ што не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.

Во однос на оспорениот член 95 став 1 точка 4 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20, 56/20 и 154/25), треба да се има предвид дека подносителот на Иницијативата очигледно ја има предвид само измената содржана во член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/20), со кој се врши пренумерација на ставовите 2, 3 и 4, кои стануваат ставови 3, 4 и 5, а нема во предвид дека со измената од член 15 од истиот закон се врши промена на упатувачката одредба во членот 95, така што соодветно на измените во членот 54 од Законот и во членот 95 се врши измена во точката 4) и 5) и истите се повикуваат на правилни одредби од членот 54 од Законот.

Согласно претходното, подносителот на Иницијативата погрешно упатува на неуставност на оспорените одредби, затоа што не ги имал предвид сите измени содржани во Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/20) и пренумерацијата кој е направена и во членот 54 и во членот 95 од Законот.

Согласно член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27 од 6.2.2020 година кој стапи во сила на истиот ден е наведено:

„Член 15

Во член 95 став 1 во точката 3) зборот „сертификат“ се заменува со зборот „сертификати“, а зборовите: „став 1“ се заменуваат со зборовите: „ставови 1 и 2“.

Во точката 4) зборовите: „став 3“ се заменуваат со зборовите: „став 4“.

Во точката 5) зборовите: „став 4“ се заменуваат со зборовите: „став 5“.“

Оваа одредба упатува на примена на следните одредби од членот 54 ставови 4 и 5 и тоа:

„Електронскиот уред за користење на несогорливи производи од тутун се продава во заштитено пакување.

Информациите за безбедност наменети за потрошувачите на електронскиот уред за користење на несогорливи производи од тутун треба да бидат ставени во пакувањето на производот или во упатството кое го придружува производот.“.

Со оглед на горе цитираните одредби постои усогласеност на одредбите од членот 95 став 1 точки 4 и 5 со одредбите од членот 54 ставови 4 и 5 во Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25) заради логично-правна функционална целина.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека член 58 став 11 во делот „деловна тајна“ и член 95 став 1 точки 4 и 5 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ги прифати иницијативите од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.170/2025 и У.бр.171/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.187/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 76 став 2 во делот „езера“ и член 192 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25) и притоа го утврди следното мислење:

I. За предметот на Иницијативата

Иницијативата ја оспорува уставноста на:

• делот „езера“ од член 76 став 2 од Законот за заштита на природата, како наводно преопшт и генерализиран поим и членот 192 од истиот закон, со кој се уредува престанувањето на важењето на Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, најдоцна со донесување на актите од член 187 став 2 од Законот.

II. За поимот „езера“ од член 76 став 2 од Законот

Се смета дека поимот „езера“ во член 76 став 2 од Законот за заштита на природата претставува општ правен поим, кој е во функција на систематизација на природните вредности и нивно вклучување во законски утврдените категории на заштитени подрачја.

Овој поим не ја исклучува ниту ја намалува заштитата на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, ниту пак го доведува во прашање нивното исклучително природно, научно, културно и еколошко значење. Напротив, истиот овозможува овие природни вредности да бидат опфатени во единствен, кохерентен и усогласен систем на заштита на природата, согласно Законот за заштита на природата и меѓународните обврски на државата.

III. За членот 192 од Законот за заштита на природата

Членот 192 од Законот има преоден и усогласувачки карактер, со цел:

• интеграција на посебниот режим на заштита на езерата во единствен систем на управување со заштитени подрачја;

• обезбедување континуитет на заштитата без правен вакуум;

• воспоставување современ модел на управување преку планови за управување и акти за привремено регулирање;

• Актите од член 187 став 2 од Законот не претставуваат замена на закон, туку се подзаконски инструменти за спроведување на законските решенија и не ја нарушуваат хиерархијата на правните акти;

• Престанувањето на важењето на Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро е условено со воспоставување на новиот систем на управување и не резултира со намалување на степенот на заштита на овие природни богатства.

IV. За уставноста

Се смета дека оспорените одредби се во согласност со:

• член 8 алинеја 10 од Уставот на Република Северна Македонија,

• член 56 од Уставот,

• принципот на владеење на правото и

• уставната обврска за заштита и унапредување на животната средина.

Оттука, не постои уставноправен основ за поведување постапка за оценување на уставност, ниту за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија преземени врз основа на оспорените одредби.

V. Заклучок

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека не постојат уставно-правни причини за поведување постапка за оценување на уставноста на член 76 став 2 во делот „езера“ и член 192 од Законот за заштита на природата, поради што Владата на Република Северна Македонија му

предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка по Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 76 став 2 во делот „езера“ и член 192 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови од Законот.

## Точка 68

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.184/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 став 11 во делот „може да се изменува и дополнува", член 40 став 12 и член 42 став 7 во делот „склучениот договор за користење на дивечот во ловиштата останува во сила" од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23, 170/24 и 132/25) и притоа го утврди следново мислење:

Во делот од Иницијативата за поведување на постапка – оценување на уставноста под точка I. во делот на одредбата „може да се изменува и дополнува“ од член 10 став 11 и став 12 од Законот за дивечот и ловството (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 263/23, 170/24 и 132/25), се наведува дека оспорениот дел од членот е во спротивниост со членот 8 став 1 алинеја 3 - начелото владеење на правото, од Уставот на Република Северна Македонија.

Владата цени дека поднесената иницијатива нема никаков основ и се предлага истата да се одбие од страна на Уставниот суд поради тоа што согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е предвидено владеењето на правото, каде не постои нарушување на владеење на правото поради законското право на концедентот Владата/министерството да врши измена и дополна на тендерската документација и за истата да наплати надоместок од понудувачот.

Имено, подносителот во Образложението на Иницијативата се повикува на Законот за јавни набавки кој, пак, воопшто е неприменлив во конкретниов случај од причина што согласно член 3 од Законот за дивеч и ловствотот дивечот е дефиниран како добро од општ интерес, а согласно член 2 и член 15 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерсто, во постапките за концесиите за добра од општ интерес се применуваат одредбите од овој закон, како и одредбите од посебните закони, од каде што произлегува:

- Согласно член 24 од Законот за концесии и јавно приватно партнерсто, изменување и дополнување на тендерска документација стои:

Концедентот може да врши изменување и дополнување на тендерската документација во согласност со одредбите на овој закон, под услов истите да не се од суштинско значење и се достапни на заинтересираните учесници, најдоцна 15 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понуди. Доколку се смета за потребно од страна на концедентот, рокот за поднесување на понудите може да биде продолжен во согласност со измените на тендерската документација.

- Согласно член 25 од истиот закон, Надоместок за тендерска документација, стои:

Концедентот од понудувачите може да наплати надоместок за издавање на тендерската документација.

Видно од гореизнесените законски одредби на кои подлежи постапката за концесии за дивеч во ловиштата, за оспорениот дел од Иницијативата под I.Делот „може да се изменува и дополнува"

од член 40 став 11 и целиот став 12 од член 40 јасно и недвосмислено се гледа дека и Законот за дивечот и ловството со полно право ги пропишува истите одредби.

Во врска со наводите во Иницијативата истакнати за оспорување на II.Делот „склучениот договор за користење на дивечот во ловиштата останува во сила" од член 42 став 7 од Законот за дивечот и ловството (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 263/23, 170/24 и 132/25), се цени дека оспорениот дел од членот не е во спротивност со членот 8 став 1 алинеа 3 - начелото владеење на правото, од Уставот на Република Северна Македонија. поради што Владата останува на ставот за примена на истата одредба.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати поднесената ининцијатива, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 40 став 11 во делот „може да се изменува и дополнува", член 40 став 12 и член 42 став 7 во делот „склучениот договор за користење на дивечот во ловиштата останува во сила" од Законот за дивечот и ловството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23, 170/24 и 132/25).

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Миовска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3493, за КО Владимирово, на КП бр.15107, викано место/улица „Село", Имотен лист бр.3537, за КО Владимирово, на КП бр.15105, викано место/улица „Село" и Имотен лист бр.2720, за КО Владимирово, на КП бр.4564, викано место/улица „Грамадје" и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.904, за КО Визбегово, на КП бр.98/3, КП бр.99, КП бр.100 и КП бр.101/3, викано место/улица „Камени мост" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.104, за КО Раборци, на КП бр.183/1, викано место/улица „Тополите" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 -2030 во Министерството за социјална политика, демографија и млади (за периодот јули 2025 година - декември 2025 година), како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности и анализа на правната празнина меѓу националното законодавство и релевантните регулативи на Европската Унија, кои произлегуваат од Иницијативата на Европската Унија за укинување на роаминг трошоците со земјите од Европската Унија, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со рехабилитацијата за потребите на пациенти повредени од пожарот во дискотека „ПУЛС”-Кочани, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за  резултатите од изготвената Техничка студија за интеграција на пловечки фотоволтаични постројки во Националната мрежа за наводнување на Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 76**

1. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Дирекција за радијациона сигурност.

2. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весника кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државната фитосанитарна лабораторија.

3. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весника кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик-директор на Бирото за развој на образование.

4. Владата заклучи да не врши избор на еден член на Регулаторната комисија за домување по објавениот Јавен оглас Бр.03/2026 за именување на претседател и 4 (четири) члена на Регулаторната комисија за домување, во дневните весници „Нова Македонија“, и „Коха“, на 26 јануари 2026 година.

5. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весника кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на 1 (еден) член на Регулаторната комисија за домување.

6. Владата ја именува Фросе Ѓоргиевска, за директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, досегашен вршител на должноста директор на Установата.

7. Владата даде согласност на Одлуката бр. 02-572 од 30 декември 2025 година на Советот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков„ – Скопје, со која за директор на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков„ – Скопје е избран проф. д-р Зоранчо Малинов, научен советник.

8. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, од редот на корисниците на технолошките индустриски развојни зони, поради истек на мандатот ги разреши:

- Билјана Андова
-Ивана Цацаноски и
-Мери Ангелеска.

8.1 Владата за членови на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, од редот на корисниците на технолошките индустриски развојни зони, ги именува:
-Филип Димитриески од ДПТУ ВИК Македонија ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп
- Сашко Наков од ДПТУ Баумер ДООЕЛ Скопје
- Хабил Мустафаи ДПТУ Џагатј кабло отомотив електрик системлери ДООЕЛ Илинден.

9. Владата го разреши Драган Атанасовски од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното музичко училиште „Тодор Скаловски -Тетоец“ – Тетово.

9.1 Владата ја именува Наташа Симјаноска за член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државното музичко училиште „Тодор Скаловски -Тетоец“ – Тетово.

10. Владата ја именува Маја Колекеска за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје.

**Точка 77**

**1.** Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучокот бр.2 по точка 14 „Информација за потреба од спогодбено раскинување на Договор за „Изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп по принцип клуч на рака” (Договор број во ДТИРЗ 05-1413/4 од 18.12.2023 година), од Нацрт записникот на Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година, го прифати Барањето и заклучи Заклучокот да се измени и да гласи:

„2.Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, да определи овластени вешти лица од регистарот на овластени судски вештаци објавени на веб-страницата на Министерството за правда, кои ќе изработат вешт наод со мислење, се со цел да се утврди фактичката реализација на Договорот и фискалните импликации кои произлегуваат од истиот (Договор за изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп по принцип клуч на рака (Договор број во ДТИРЗ 05-1413/4 од 18.12.2023 година) и истите да дадат мислење за понатамошно постапување“.

**2.** Владата го разгледа Барањето од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, за изменување на заклучоците по точка 55 „Информација со реални проблеми околу имплементацијата на Законот за

планински патеки“ од Нацрт – записникот од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година, го прифати Барањето и заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1.Се задолжуваат Министерството за култура и туризам, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, а се укажува на Центарот за образование, наука и истражување Планинска Академија - Маврово и Федерацијата за планинарство на Северна Македонија во рок од седум дена, да достават номинации до Министерството за спорт за формирање на работна група за изработка на нов Предлог на закон за планински патеки.

2.Се задолжува Министерството за спорт, во рок од 14 дена, да формира работна група за изработка на нов Предлог на закон за планински патеки, со претставници од Министерството за култура и туризам, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Центарот за образование, наука и истражување Планинска Академија - Маврово и Федерацијата за планинарство на Северна Македонија и во рок од 30 дена од формирањето на работната група до Владата да достави нов Предлог на закон за планински патеки.“.

**3.** Владата го симна од Дневен ред Барањето за изменување на заклучокот од Нацрт – записникот од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2025 година, точка 78: Информација за концепт за проектот (Project concept note) за спроведување на План за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025–ноември 2028 година.

**4.** Владата во врска со предлозите на закони, кои се дел од Реформската агенда и се предмет на усогласување со правото на Европската Унија, заклучи:

1) Предлогот на законите/подзаконските акти кои се предмет на усогласување со правото на Европската Унија, како и материјалите кои произлегуваат од процесот на интеграција во Европската Унија, имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, НПАА и користењето на фондовите на Европската Унија или друга странска помош, задолжително да се доставуваат на мислење до Министерството за европски прашања.

2) Откако предлогот на законите ќе се утврдат на седница на Владата, да се доставуваат до Собранието на Република Северна Македонија, како и до Европската комисија преку Министерството за европски прашања за нивни коментари, со прилог кореспондентна табела, доколку има.

3) Доколку предлогот на законите се донесени од Собранието, а од Европската комисија се добие мислење со забелешки кои се прифатливи, во законите да се интервенира преку соодветни изменувања и дополнувања, а доколку се во собраниска процедура, потребно е Владата да ги повлече и повторно да ги утврди усогласените текстови, со вградени забелешки од Европската комисија.

**5.** Министерот за спорт, Борко Ристовски ги информираше членовите на Владата за Пресудата на Апелациониот суд - Скопје за спорот кој се водел пред Основниот граѓански суд во врска со правната работа на тужителот Комерцијална банка АД Скопје, против тужениот Република Северна Македонија, Агенција за млади и спорт (правен наследник Министерството за спорт), при што Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за спорт, да ја провери одговорноста на лицата кои биле задолжени за спроведување на одредбите од Договорот за заедничко учество и во рок од две недели да ја информира Владата за истото.

**6.** Владата ја разгледа Информацијата за текот и предизвиците на процесот на спроведување на системска ревизија на спроведувањето на Инструментот за реформи и раст која ја спроведува Европската комисија преку ревизорската куќа KPMG и го задолжи Министерството за европски прашања да организира состанок со ревизорската куќа KPMG и сите институции кои имаат улога во системот за спроведување на Инструментот за реформи и раст, на кој ќе се разрешат сите нејаснотии кои се произлезени во процесот на одговарање на поставените прашања од Прашалникот.

**7.** Владата во врска со опасноста од одрони на карпи во Кањонот Матка, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување во соработка со Градежниот факултет во Скопје, да изврши увид на терен, за да се утврди фактичката состојба и врз основа на добиените сознанија да се изработи техничко решение и проценка на потребните финансиски средства за надминување на оваа состојба и за истото, во рок од 15 дена да ја информира Владата.

2) Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да постави знак за известување и информирање за опасност од одронување на карпи во делот на патеката по должината на Кањонот Матка.

**<u>Точка 78</u>**

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Кралството Саудиска Арабија и Владата на Република Северна Македонија, со Нацрт-текст на Спогодба и Меморандум и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Кралството Саудиска Арабија и Владата на Република Северна Македонија, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжуваат шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата, при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите содржани во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Спогодба за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Кралството Саудиска Арабија и Владата на Република Северна Македонија.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира усогласениот текст на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Кралството Саудиска Арабија и Владата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, по завршените преговори, во рок од 30 дена, на Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Кралството Саудиска Арабија и Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 79</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на 150 еколошки автобуси за јавен превоз и 75 станици за полнење и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2026, 2027 и 2028 година на Министерството за транспорт, за јавна набавка на 150 еколошки автобуси за јавен превоз и 75 станици за полнење, во вкупна вредност од 3.702.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-2026 година – средства во износ од 370.200.000,00 денари со вклучен ДДВ,
-2027 година – средства во износ од 1.665.900.000,00 денари со вклучен ДДВ и
-2028 година – средства во износ од 1.665.900.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да отпочне постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на 150 еколошки автобуси за јавен превоз и 75 станици за полнење.

3. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за водена постапка и предлог за разгледување на можноста за конфискација на имотот од страна на државата заради остварување на јавен интерес и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам да достави писмен допис Барање до Основно јавно обвинителство, со што ќе се информира јавниот обвинител во врска со поднесена кривична пријава од правното лице ДВТ Аероклуб - Скопје против физичкото лице претходен управител на фирмата во врска со сомнение за кривично дело „Бесправно градење“, дека од страна на Инспекторатот е водена инспекциска постапка со која е констатирано дека изведениот објект е бесправен и се бара објектот да се конфискува во корист на државата.

2. Се задолжува Министерството за транспорт - Државен инспекторат за градежништво и урбанизам времено да ја прекине постапката за извршување, односно отстранување на бесправно изграден објект, до правосилен судски акт.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за измена на динамика и вредност на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026, 2027, 2028 и 2029 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот

„Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај“, во вкупна вредност од 389.013.675,00 денари со вклучен ДДВ и тоа:

-52.000.000,00 денари за 2026 година,
-112.337.891,00 денари за 2027 година,
-112.337.892,00 денари за 2028 година и
-112.337.892,00 денари за 2029 година.

2.Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните буџетски средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**<u>Точка 82</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за организација на Регионална конференција на министерско ниво со наслов „Предводење на промените: Патеки кон демографска отпорност согласно потребите на луѓето” во соработка со Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ја координира целокупната организација на настанот со United Nations Population Fund (УНФПА), а во соработка со националниот координатор за демографија, човечки ресурси и млади при Владата на Република Северна Македонија, Владимир Ѓорчев.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди целосна и институционална координација и логистичка поддршка.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да отпочне постапка за формирање на министерски одбор со организациски и програмски одбори со претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за европски прашања, а по потреба и други институции со цел утврдување на заедничките и одделните обврски на секоја надлежна институција согласно надлежностите во поглед на претстојниот настан.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да обезбеди дипломатска координација и доставување покани од министерот за социјална политика, демографија и млади и регионалната директорка на УНФПА за Источна Европа и Централна Азија, преку дипломатско-конзуларните претставништва, како и да обезбеди протоколарна поддршка, согласно списокот на поканети, доставен од Министерството за социјална политика, демографија и млади, а усогласен со коорганизаторот УНФПА.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди безбедносна проценка и соодветни мерки за настанот.

6. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со УНФПА и националниот координатор за демографија, млади и човечки ресурси при Владата на Република Северна Македонија да започнат процес на комуникациски активности за веб-страницата на Конференцијата и информирање на јавноста.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за трансфер на средства од редовната сметка на Министерството за европски прашања кон донаторската сметка на проектот: Поддршка на управувањето со ЕУСАИР за подобрена соработка (ЕУСАИР механизам за поддршка) и ја усвои со предложените заклучоци, доколку Министерството за финансии достави (позитивно) мислење.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан Деветнаесетти и подготовка на Дваесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 5 март 2026 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд, за копретседавач на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, веднаш да ги достави до службите на Европската комисија.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за проширување на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец" Општина Прилеп, на Акционерското Друштво Мермерен комбинат АД Прилеп и условно ја донесе Одлуката за проширување на Концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Сивец" Општина Прилеп, на Акционерското Друштво Мермерен комбинат АД Прилеп, доколку Министерството за финансии-Управата за јавни приходи достави ново (позитивно) Мислење, по однос на платени/неплатени долгови по основ на доспеани даноци, придонеси и други јавни давачки на Друштвото (заклучно со 17 февруари 2026 година).

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијатата за изготвување нови национални акциски планови 2026-2028 за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во приоритетни области: образование, култура, здравство, домување, граѓанска регистрација, вработување и социјална инклузија, антициганизам, жените и девојчињата Ромки и млади Роми и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, во рок од 15 дена, да донесе решение за формирање работна група за изготвување национални акциски планови 2026-2028 за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во приоритетни области: образование, култура, здравство, домување, граѓанска регистрација, вработување и социјална инклузија, антициганизам, жените и девојчињата Ромки и млади Роми.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за транспорт, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за дигитална трансформација - Управата за

водење на матичните книги, Министерството за економија и труд и Министерство за европски прашања, во рок од 15 дена, да достават до министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 номинации за член и заменик-член во работна група за изготвување национални акциски планови 2026-2028 за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во приоритетни области: образование, култура, здравство, домување, граѓанска регистрација, вработување и социјална инклузија, антициганизам, жените и девојчињата Ромки и млади Роми.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од 15 дена, да достави до министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 номинација за заменик-претседател и член на работна група за изготвување национални акциски планови 2026-2028 за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во приоритетни области: образование, култура, здравство, домување, граѓанска регистрација, вработување и социјална инклузија, антициганизам, жените и девојчињата Ромки и млади Роми.

4. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и со експертска поддршка на Организацијата за безбедност и соработка на Европа (Мисијата на ОБСЕ) во Скопје, да го изготви и до Владата на Република Северна Македонија да го достави на усвојување Националниот акциски план за унапредување на првата на жените и девојчиња Ромки 2026-2028, најдоцна до 31 мај 2026 година.

5. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и со експертска поддршка на Организацијата за безбедност и соработка на Европа (Мисијата на ОБСЕ) во Скопје да ги изготви и до Владата да ги достави на усвојување Националните акциски планови 2026-2028 за спроведување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во приоритетните области: образование, култура, здравство, домување, граѓанска регистрација, вработување и социјална инклузија, антициганизам, жените и девојчињата Ромки и млади Роми, најдоцна до 31 март 2026 година.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади и со министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 да формира работна група за подготовка на протокол за утврдување на статус на лица без државјанство, во рок од 15 дена.

7. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за дигитална трансформација - Управата за водење на матичните книги, Министерството за социјална политика, демографија и млади и министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, во рок од 15 дена, до Министерството за внатрешни работи да достават номинации за член и заменик-член во работната група за подготовка на протокол за утврдување на статус на лица без државјанство.

8. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во соработка со министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 и со експертска поддршка на Организацијата за безбедност и соработка на Европа (Мисијата на ОБСЕ) во Скопје, да го подготви и до Владата да го достави на усвојување протоколот за утврдување на статус на лица без државјанство, најдоцна до 31 март 2026 година.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за средбите на висока владина делегација со највисокото раководство на УНЕСКО, со фокус на состојбата со заштитата на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, од 9.2.2026 година до 10.2.2026 година, Париз, Франција, како материјал за информирање.

*
*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:05 часот.